Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 85 став од Статутот на Општината Бутел, Советот на Општината Бутел на 4-тата седница, одржана на 06.07.2005 година, донесе

# Д Е Л О В Н И К
## на Советот на Општината Бутел

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Деловник се уредуваат организацијата и функционирањето на Советот на Општината Бутел (Советот) и на работните тела на Советот и тоа: конституирање на Советот, права и должности на членовите на Советот; права и должности на претседателот и потпретседателите; избор и именување, оставка, разрешување, начин на работа на Советот и работните тела на Советот, постапка за донесување на општи акти, односите на Советот со градоначалникот и другите органи на Општината, соработка на Советот со подрачните единици на министерствата и други органи на државната управа, програмирање на работата на Советот и јавност во работата на Советот, и други прашања кои се однесуваат на организацијата и работата на Советот.

### Член 2

Советот работи на седници.

Седниците на Советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш на три месеци.

Седниците на Советот се јавни, освен во случаите предвидени со Закон, Статут или овој Деловник.

### Член 3

Во работата на Советот службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и албанскиот јазик и неговото писмо.

На седниците на Советот и работните тела, покрај македонскиот јазик и неговото писмо во службена употреба се и албанскиот јазик и неговото писмо.

### Член 4

На седница на Советот по покана на градоначалникот или претседателот на Советот, може да присуствуваат и да одржат говори истакнати личности од републиката и граѓани на странски држави, како гости на Општината.

**Член 5**

Одредбите на овој Деловник соодветно се применуваат и во работата на Советот во случај на воена или вонредна состојба ако со овој Деловник или со друг општ акт не е поинаку уредено.

Советот на општината, во соработка со Градот, во случај на природни непогоди, катастрофи и поголеми технички несреќи, за време на мир и воени услови, заради заштита и спасување на материјалните добра ги утврдува обврските на јавните претпријатија, установи и служби кои се основани на подрачјето на општината, за отстранување на последиците од природните непогоди, епидемии, епизотии, епифитопии и други несреќи.

## II. КОНСТИТУИРАЊЕ НА СОВЕТОТ

### 1. Конститутивна седница

**Член 6**

Конститутивната седница на новоизбраниот Совет ја свикува претседателот од предходниот состав најдоцна во рок од 20 дена од денот на завршувањето на изборите.

Доколку Советот не се свика во рокот утврден во став 1 на овој член, членовите на Советот сами се состануваат во седиштето на Општината и под претседавање на најстариот член на Советот го конституираат Советот 10 дена по истекот на рокот од став 1 на овој член.

Ако седницата не се одржи во рокот од став 2 на овој член ќе се распишат нови избори за членови на Советот, на начин утврден со закон.

**Член 7**

Со првата седница на Советот до изборот на претседател на Советот, раководи претседателот на Советот од претходниот состав, или најстариот присутен член на Советот.

### 2. Верификација на мандатот

**Член 8**

Мандатот на членовите на Советот го верифицира Советот на конститутивната седница на предлог на Верификациона комисија.

Верификационата комисија е составена од претседател и 2 члена.

Верификационата комисија ја ибира Советот по предлог на најстариот присутен член на Советот кој раководи со седницата.

### Член 9

Верификационата комисија врз основа на известување на Општинската изборна комисија, доставените уверенија од страна на членовите на Советот за нивниот избор и утврдување на нивниот идентитет, поднесува извештај со Предлог за верификација.

### Член 10

Советот, Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија ги разгледува во целина.

Ако Верификационата комисија, по утврдување на идентитетот на членовите на Советот, утврди одредени несогласувања на доставените уверенија од страна на членовите на Советот со известувањето на Општинската изборна комисија, на Советот му предлага да ја одложи верификацијата на спорниот мандат.

За секој таков предлог се гласа со поединечно.

### Член 11

Членот на Советот чија верификација на мандатот е одложена има право да присуствува на седница на Советот и да учествува во работата, но без право на одлучување.

### Член 12

Верификацијата на мандатот на членови на Советот дојдени како наредни кандидати од листата на местото на член на Советот кој се откажал, Советот ја врши на првата наредна седница на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

### Член 13

Советот е конституиран ако се верифицираат мандатите на повеќе од половината од вкупниот број членови на Советот.

### Член 14

Со верификација на мандатот, членот на Советот се стекнува со права и должности со Закон, со Статутот и со овој Деловник.

## 3. Избор на претседател на Советот

### Член 15

Претседателот на Советот се избира од редот на членовите на Советот.

Кандидатот за претседателот на Советот го предлага Кандидациона комисија

**Член 16**

Кандидационата комисија ја избира Советот веднаш по верификацијата на мандатите на членовите на Советот, со мнозинство гласови од присутните членови.

Кандидационата комисија е составена од претседател и 2 (два) члена, кои се избираат на предлог на членовите на Советот.
Најмалку 3 члена на Советот предлагаат кандидати за членови на Комисијата.
Предлогот за членови на Кандидационата комисија содржи онолку кандидати колку што се избираат членови на Комисијата.
Кандидационата комисијата со мнозинство гласови предлага еден или повеќе кандидати за претседател на Советот.
Со изборот на претседател на Советот Кандидационата комисија престанува со работа.

**Член 17**

Претседателот на Советот се избира со јавно гласање доколку Советот не одлучи гласањето да биде тајно.
Ако има повеќе предлози, за секој предлог се гласа поединечно по редослед утврден по азбучен ред на презимињата на кандидатите.

**Член 18**

Со гласањето за избор на претседател на Советот раководи членот на Советот кој раководи со седницата.

Ако гласањето е тајно, на членот на Советот кој раководи со седницата во изборот му помагаат двајца членови, што ќе ги определи Советот.

**Член 19**

Ако за претседател на Советот е предложен еден кандидат, кандидатот се смета за избран ако добие најмалку 1/2 од вкупнот број на гласови од членовите на Советот.
Ако кандидатот не го добие потребното мнозинство гласови постапката за избор на претседател на Советот се повторува со нов предлог.

**Член 20**

Ако за претседател на Советот се предложени повеќе кандидати, за избран се смета оној кандидат кој добил најголем број гласови, но не помалку од 1/2 од вкупнот број членови на Советот.

Ако во првиот круг никој од кандидатите за претседател не добил потребен број гласови, се пристапува кон вториот круг на гласање за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најголем број гласови.

За претседател е избран членот на Советот  кој што во вториот круг на глсање добил повеќе гласови.

Ако и по вториот круг ниту еден од двајцата кандидати не го добил потребниот број гласови се повторува постапката за избор на претседателот на Советот со нов предлог.

**Член 21**

По изборот на претседателот, членот на Советот кој раководи со седницата го напушта претседателското место, а со седницата продолжува да раководи избраниот претседател на Советот.

**Член 22**

По изборот на претседател на Советот, членовите на Советот и претседателот полагаат и потпишуваат свечена изјава која му ја предаваат на потпретседателот на Советот, а која гласи:

"Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член во Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, законот, прописите на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Македонија"

Членот на Советот на кого му е потврден /верифициран/ мандатот, ако не бил присутен на Првата седница, текстот на свечената изјава ќе го потпише пред претседателот на Советот, кој за тоа го известува Советот на првата наредна седница

**4. Избор на потпретседатели на Советот**

**Член 23**

Советот избира  потпретседатели на Советот.
Потпретседателите на Советот се бираат од редот на членовите на Советот.

**Член 24**

Предлогот за потпретседател на Советот го утврдува Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања со мнозинство гласови.

Потпретседателот на Советот се избира со јавно гласање доколку Советот не одлучи гласањето да биде тајно.

**Член 25**

За потпретседателот на Советот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од присутните членови, но не помалку од 1/2 од вкупниот број членови на Советот.

**5. Избор на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања**

**Член 26**

На првата седница на Советот се избира Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, составена од претседател и четири члена.

Комисијата се избира со мнозинство гласови од присутните членови на Советот на предлог од претседателот на Советот.

Предлогот на кандидати за членови на Комисијата содржи онолку кандидати колку се избираат членови на Комисијата.

## III. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ

**1. Присуство на седница на Советот**

**Член 27**

Членот на Советот има право и должност да присуствува на седница на Советот и неговите работни тела чиј е член и да учествува во работата и во одлучувањето.

**Член 28**

Членот на Советот кој е спречен да присуствува на седниците на Советот должен е за тоа навреме да го извести претседателот на Советот, односно Одделението за правни и општи работи.

**Член 29**

За присуство на членовите на Советот на седниците се води евиденционен лист.

Евиденциониот лист за присуството на членовите на Советот го води стручен работник од Одделението за правни и општи работи.

**2. Давање иницијативи и предлози и поставување прашања до градоначалникот на Општината**

**Член 30**

Членот на Советот има право да дава иницијативи и предлози до градоначалникот за разрешување на актуелни состојби за кои е надлежна Општината.

Прашањата и предлозите на членовите на Советот се утврдени како точка на дневниот ред на седницата на Советот.

**Член 31**

Членот на Советот има право на седница на Советот да поставува прашања на градоначалникот на Општината од неговата надлежност, како и на раководителот на управните органи од нивна надлежност.

Членот на Советот прашањето на седницата го поставува усно, а доколку не е присутен градоначалникот на Општината, истото писмено му се доставува преку претседателот на Советот.

Прашањето треба да биде кратко и прецизно и не смее да има белег на расправа за содржината на која се однесува.

**Член 32**

На усно поставеното прашање градоначалникот одговорот го дава на седницата на која е поставено прашањето.

Ако градоначалникот на Општината изјави дека не е во можност да даде одговор на таа седница, должен е одговорот да го даде на наредната седница на Советот.

По овластување на градоначалникот, одговор на поставеното прашање можат да дадат раководителите на стручните служби на општинската администрација.

Членот на Советот може да побара на прашањето што го поставил да му се одговори писмено.

Членот на Советот што го поставил прашањето, по добиениот одговор, има право да постави дополнително прашање.

**3. Право на надоместоци**

**Член 33**

Членовите на Советот имаат право на надоместок за присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци во рамките утврдени со закон, направени во извршувањето на задачите што им ги доверил Советот.

Висината на патните и дневните трошоци, во со закон утврдени рамки, и на трошоците направени во извршувањето на задачите доверени од Советот, ја определува Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

**4. Право на обезбедување услови за вршење на функцијата член на Советот**

**Член 34**

Членот на Советот има право да биде информиран за работата на Советот и за работата на работните тела на Советот.

Членот на Советот има право во врска со извршувањето на својата функција да бара и добие стручна помош од управните и административните органи на Општината по прашањата од надлежност на Советот.

Членот на Советот има право преку Советот односно преку соодветното работно тело, да бара податоци од јавните служби, установи и претпријатија кои ги основа Советот, кои му се потребни за извршување на функцијата член на Совет.

**5. Обврска за чување тајна**

**Член 35**

Советот на Општината во соработка со Дирекцијата за класифицирани информации на Република Македонија, преку службеното лице од административната служба, што поседува безбедносен сертификат, создава услови неопходни за заштита на класифицираните информации и презема мерки за елиминирање на негативните последици ако дојде до откривање на истите.

**6. Престанок и одземање на мандатот**

**Член 36**

Мандатот на член на Советот му престанува или може да биде одземен само во случаите утврдени со закон.

**Член 37**

Претседателот на Советот е должен да го внесе во предлогот на дневниот ред на првата наредна седница на Советот секој случај што со себе повлекува престанок на мандатот на член на Советот врз основа на образложен предлог.

**Член 38**

Ако членот на Советот поднесе оставка, истата писмено ја доставува до претседателот на Советот, а може и да ја образложи на седница на Советот.

Советот без расправа го констатира престанокот на мандатот, Мандатот во тој случај престанува со денот на поднесувањето на оставката.

Оставката може да се повлече до почетокот на седницата на која се констатира престанокот на мандатот.

**Член 39**

Ако член на Советот поради боледување подолго од 6 месеци не може да ја извршува функцијата, должен е за тоа да го извести претседателот на Советот.

Ако член на Советот е осуден со правосилна пресуда на кривично дело на казна затвор над шест месеци, за тоа веднаш, во писмена форма се известува претседателот на Советот.

Известувањето од став 2 може да го поднесе судот кој ја изрекол казната, политичката партија и секој граѓанин.

Претседателот на Советот известувањата од став 1 и 2 ги доставува до членовите на Советот и Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања која за тоа поднесува информација до Советот на првата наредна седница.

Советот без расправа го констатира престанокот на мандатот поради исполнување на еден од условите утврдени со закон.

**Член 40**

Ако членот на Советот е осуден за кривично дело или друго дело што го прави недостоен за вршење на функцијата член на Советот, за тоа веднаш, во писмена форма се известува претседателот на Советот.

Известувањето од став 1 може да го поднесе судот кој ја изрекол казната политичка партија и секој граѓанин.

Претседателот на Советот известувањето го доставува до членовите на Советот и Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања која за тоа доставува информација до Советот на првата наредна седница.

Претседателот на Советот врз основа на евиденцијата што се води за присуство на членовите на Советот на седниците ја известува Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања дека одделен член на Советот неоправдано отсуствувал од седниците на Советот повеќе од шест месеци, која дава предлог до Советот за одземање на мадатот.

По ифомацијата од став 3 и предлогот од став 4 на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот води претрес.

Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови го утврдува одземањето на мандатот.

## IV. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ

**1. Претседателот на Советот**

**Член 41**

Претседателот на Советот:

се грижи за подготовката, организирањето и водењето на седницата на Советот;
ги координира претседателите на работните тела во подготовката, организирањето и водењето на седницата на телото;
се грижи членовите на Советот навреме да ги добиваат материјалите за седниците на Советот и материјалите за работните тела на Советот во согласност со Статутот на Општината и овој Деловник;
се грижи за остварување на правата и должностите на членовите на Советот во врска со поставените прашања, поднесените иницијативи и други предлози, како и навремено да ги добиваатм информативните и други материјали и одговорите на поставените прашања;
се грижи за примена на Деловникот на Советот и дава појаснување во врска со неговата примена;
се грижи за спроведување на начелото за јавност во работата на Советот;
ги потпишува одлуките и актите на Советот и ги доставува на градоначалникот на Општината заради прогласување и објавување;
врши и други работи утврдени со Статутот на Општината и овој Деловник;
се грижи за преведувањето на материјалот за седница и за симултаниот превод на седниците како и точноста и уреденоста на преведувањето и апаратурата.

**Член 42**

Претседателот на Советот ги свикува седниците на Советот и е должен:

да ја отвори, раководи и заклучи седницата;
да ги води и заклучува расправите на седницата на Советот;
да одржува ред на седницата;
да ги најавува дискутантите;
да ги става прашањата и предлозите на гласање;
да ги огласува резултатите од гласањето.

**2. Потпретседатели на Советот**

**Член 43**

Потпретседателите на Советот го заменуваат претседателот во негово отсуство.
За својата работа потпретседателоте на Советот одговараат пред Советот.

## V. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ИЗБОР, ИМЕНУВАЊЕ, ОСТВАВКА И РАЗРЕШУВАЊЕ

### 1. Избор на работни тела на Советот

**Член 44**

Постојаните работни тела на Советот, (комисиите) нивниот број, составот и надлежноста се утврдуваат со Статутот на Општината и овој Деловник.

Повремените работни тела се основаат со одлука на Советот со која се утврдува, бројот, составот и задачите на повремените работни тела.

**Член 45**

Претседателот и членовите на работните тела ги избира Советот.

Предлогот за составот на работното тело го утврдува Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Предлогот за избор содржи онолку кандидати колку што се избираат членови на работното тело.

Одредбите на овој Деловник што се однесуваат на престанокот и одземањето на мандатот соодветно се однесуваат и на оставката и разрешувањето на постапката што ја води Советот на Општината.

### 2. Именување и разрешување на членови во Управните одбори и јавните служби што ги основа Советот

**Член 46**

Членовите во управните одбори на јавните служби што ги основа Советот ги именува и разрешува Советот на Општината.

Членовите на Управните одбори од став 1 се именуваат и разрешуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

Одлуката за именување и разрешување стапува во сила 8 дена по објавувањето на "Службен гласник на Град Скопје".

### 3. Оставка

**Член 47**

Секој носител на функција што го избира или именува Советот има право да поднесе оставка и истата може да ја образложи на седница на Советот.

Советот на првата наредна седница без претерес констатира дека на носителот на функцијата му престанува мандатот од денот на поднесувањето на оставката.

За оставката може да се отвори претерес ако Советот во претресот по оставката констатира дека постојат причини за утврдување на одговорност, ќе спроведе постапка за разрешување согласно Законот и овој Деловник.

### 4. Разрешување

**Член 48**

Одредбите на овој Деловник што се однесуваат на постапката за избор соодветно се однесуваат и на постапката за разрешување, доколку не е поинаку утврдено со Законот, Статутот и овој Деловник.

## VI. СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ

### Свикување на седници и предлагање на дневен ред

**Член 49**

Советот работи на седница.

Седницата се свикува по потреба, но најмалку еднаш на три месеци.

Седницата на Советот ја свикува претседателот на Советот по своја иницијатива или по барање од најмалку 1/4 од членовите на Советот најдоцна во рок од 15 дена од денот на неговото поднесување.

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот на Советот, седницата на Советот ќе ја свика член на Советот по овластување на потпретседателот.

Решението за свикување на седница на Советот со предлог на дневен ред и материјалите по прашањата што се предлагаат за дневниот ред им се доставуваат на членовите на Советот најдоцна 7 дена пред денот определен за одржување на седницата.

### Вонредна седница

**Член 50**

Вонредна седница на Советот свикува претседателот на Советот, по сопствена иницијатива или на барање на најмалку 1/3 од членовите на Советот.

Во известувањето за свикување на вонредната седница се наведува времето, местото на одржување и дневниот ред на седницата.

### Член 51

Советот не може да го менува дневниот ред за вонредната седница.

Пред започнувањето на седницата задолжително се гласа за оправданоста на причините за свикување на вонредната седница.

Членовите на Советот и градоначалникот на Општината можат и по свикувањето на седницата, како и на самата седница да предложат во дневниот ред да се внесе одредено прашање доколку тоа прашање е од итен карактер и не трпи одлагање со образложение на итноста.

## 2. Претседавање на седницата

### Член 52

На седницата на Советот претседава претседателот на Советот.

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот на Советот, седницата на Советот ја отвара потпретседателот на Советот.

## Присуство и учество во работата на седницата

### Член 53

На седницата на Советот претседателот може да покани да присуствуваат и да учествуваат во работата претставници на подрачните единици на министерствата и други органи на државната управа, јавни служби, установи и претпријатија и други органи и организации кога се разгледуваат прашања од нивната надлежност.

Претседателот на Советот ги известува членовите на Советот за тоа кој е поканет да присуствува на седницата на Советот.

На седницата на Советот можат да присуствуваат и да одржат говор еминентни личности од Републиката и граѓани на странски држави, како гости на Општината.

## Тек на седница

### Член 54

Седницата ја отвара и со неа раководи претседателот на Советот. По отварањето на седницата претседатателот го известува Советот кои членови го најавиле своето отсуство.

Советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупнот број членови на Советот.

Ако се утврди дека нема потребно мнозинство за работа, претседателот на Советот ќе ја одложи седницата за одреден ден и час.

**Член 55**

Дневниот ред на седницата на Советот го предлага претседателот на Советот, а го утврдува Советот на почеток на седницата.

Во предлогот на дневниот ред, Претседателот на Советот ги вклучува сите прашања кои до денот на свикувањето се доставени до Советот од страна на член на Советот, работно тело на Советот, Градоначалникот.

Ако во предлогот на дневниот ред, Претседателот на Советот не го внесе прашањето што го предложил предлагачот Претседателот е должен да ги изнесе причините за тоа.

Ако предлагачот и по образложението од став три на овој член, остане при својот предлог има право предлогот да го образложи пред Советот.

За предлогот се одлучува без претрес. За предложениот дневен ред се гласа со "ЗА", "ПРОТИВ" или "ВОЗДРЖАНИ".

**Член 56**

Советот без претрес се изјаснува за секој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред и за дневниот ред за седница во целост.

**Член 57**

Како прва точка од дневниот ред, Советот го усвојува записникот од претходната седница.

Членот на Советот може да стави забелешки на записникот и да бара во него да се извршат соодветни измени и дополнувања.

За основаноста на забелешките на записникот се одлучува на седницата без претрес.

Ако забелешката се усвои во записникот ќе се внесат соодветните измени.

**Член 58**

Претресот по прашањата од дневниот ред се врши според утврдениот редослед на дневниот ред.

Во текот на седницата, Советот може да одлучи да се извршат измени во редоследот на претресот по одделни прашања од дневниот ред.

Советот може да одлучи да се води единствен претрес за прашања што се меѓусебно поврзани, а гласањето ќе се врши за секое прашање поодделно.

**Член 59**

На почетокот на претресот по секое прашање од дневниот ред, предлагачот односно негов претставник може да даде дополнителни образложенија или појаснувања.

Дополнителните образложенија или појаснувања може да траат најмногу 5 минути.

**Член 60**

Претресот по одделно прашање трае додека по него има пријавено учесници за дискусија.

Советот претресот по секое прашање од дневниот ред го завршува со донесувањето на соодветен акт.

### 5. Прекин на седница

**Член 61**

Претседателот на Советот ја прекинува седницата на Советот заради немање на мнозинство потребно за работа, заради нарушување на редот во салата каде што се одржува седницата и во други случаи кога за тоа ќе се укаже потреба.

Времето за продолжување на прекинатата седница го определува претседателот на Советот.

### 6. Право на говор

**Член 62**

На седницата на Советот никој не може да говори пред да побара и да добие збор од претседателот на Советот.

Претседателот на Советот на членовите на Советот им дава збор според редоследот на јавувањето. Говорникот кој сака да говори по втор пат може да добие збор по исцрпувањето на листата на пријавените кандидати.

Советот на предлог на претседателот без претрес може да одлучи по одредени точки од дневниот ред врметраењето на говорот да се ограничи, пред да почне расправата по прашањето за кое се предлага ограничувањето.

**Член 63**

На предлог на претседателот или од еден член на Советот може да се одлучи членот на Советот да може да говори само еднаш по истото прашање како и да се определи времето на траењето на говорот.

**Член 64**

Говорникот може да говори само по прашање што е на дневен ред.

Ако говорникот се оддалечи од прашањето што е на дневен ред, претседателот на Советот ќе го опомене. Ако говорникот и по повторната опомена не се придржува за дневниот ред, претседателот му го одзема зборот.

### Член 65

Членот на Советот има право на реплика доколку биде поименично спомнат во дискусија.

Репликата може да трае најмногу 3 минути.

## 7. Процедурални предлози

### Член 66

Членот на Советот има приоритетно право на говор доколку побара дозвола за:

укажување за повреда на Деловникот;

да предложи одлагање на расправата;

да предложи заклучување на расправата;

да предложи да се вратат предлозите повторно на работните тела.

Говорот по процедуралното прашање може да трае најмногу 3 минути.

Ниту еден од процедуралните предлози не смее двапати да биде предложен за време на една иста расправа.

Предлозите од став 1 ќе имаат приоритетно значење во однос на главните прашања за кои расправата ќе биде прекината.

Во врска со предлозите од став 1 свое мислење можат да дадат предлагачот и известувачот или претседателот на работната група по чиј предлог се води расправата.

За процедуралните предлози на седницата се одлучува без претрес.

## 8. Одржување на редот

### Член 67

За одржување на редот на седницата се грижи претседателот на Советот.

Претседателот на Советот ќе го опомене членот на Советот ако со своето однесување, со земање на збор кога претседателот на Советот не му дал збор, со упаѓање во зборот на говорникот го нарушува редот на седницата или употребува изрази со кои го навредува достоинството на Советот.

Доколку членот на Советот и покрај опомената, односно одземениот збор, го нарушува редот на седницата, или употребува изрази со кои го навредува достоинството на Советот, претседателот на Советот ќе одреди краток прекин на седницата.

Кон одредбите за одржување на редот на седницата на Советот должни се да се придржуваат сите учесници на седницата.

## 9. Одлучување

### Член 68

Советот одлучува со мнозинство на гласови од присутните членови на Советот, а најмалку со една тетина од вкупнот број на членови на Советот.

Статутот, Буџетот на Општината, Завршната сметка на Буџетот, Деловникот на Советот, Одлуката за утврдување на грбот и знамето и Решението за одземање мандат, се донесуваат со мнозинство на гласови од вкупнот број на членови на Советот.

### Член 69

Гласањето по правило се врши јавно, доколку Советот не одлучи гласањето да се врши тајно.

Јавното гласање се врши со кревање на рака, а може да се врши и со поименично изјаснување.

Гласањето со кревање на рака се врши на тој начин што претседателот ги повикува членовите на Советот да се изјаснат кој е "за" предлогот, кој е "против" предлогот и кој се"воздржува" од гласањето.

Поименично гласање се врши кога тоа ќе го определи претседаелот ако смета дека е потребно точно да се утврди резултатот од гласањето, или ако тоа го побара еден член на Советот чие барање ќе го подржат најмалку 5 члена на Советот.

Поименичното гласање се врши со прозивање на членовите на Советот кои се изјаснуваат со "за", или "против" предлогот, или се воздржани од гласањето.
Стручното лице на општинската администрација поименично ги прозива членовите на Советот .

Претседателот на Советот е должен пред почетокот на поименичното изјаснување да ги повика членовите на Советот кои се моментално излезени од салата каде што се одржува седницата.

### Член 70

Тајното гласање се врши по предлог на предателот на Советот или од еден член што го поддржуваат 5 члена на Советот.

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња.

Гласачките ливчиња мора да бидат во еднаква големина и иста боја.

Со тајното гласање раководи претседателот на Советот, а му помагаат стручното лице и двајца членови на Советот кои ги избира Советот.

На секое гласачко ливче се става печат на Општината.

### Член 71

Тајното гласање се врши на тој начин што во гласачкото ливче се наведува предлогот "за" или "против", а гласањето се врши со заокружување на еден од наведените зборови.

Во гласачкото ливче за избор, односно именување на носители на функции се наведува функцијата за која се врши изборот, имињата и презимињата на кандидтите поединечно според азбучниот ред на нивните презимиња.

Пред името и презимето на секој кандидат се става реден број, а членовите на Советот гласаат на тој начин што го заокружуваат редниот број пред името и презимето на кандидатот.

За неважечко ќе се смета гласачкото ливче на кое се заокружени редните броеви пред имињата и презимињата на повеќе кандидати од бројот што се избира, непотполнето гласачко ливче, ливчето на кое се внесени нови имиња и ливчето од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат членот на Советот гласал.

## 10. Записник

### Член 72

За работа на седниците на Советот се води записник.

Записникот ги содржи основните податоци за работа на седниците, предлозите што се поднесени и заклучоците што се усвоени во врска со одделните прашања од дневнито ред.

Членот на Советот кој го издвоил своето мислење може да побара во записникот да се внесат битните делови од неговото мислење.

Записникот на кој не се ставени забелешки, односно записникот во кој согласно со усвоените забелешки се извршени измени се смета за усвоен.

Усвоениот текст на записникот го потпишува претседателот на Советот.

### Член 73

За составувањето на записникот и за чување на оригиналите на записниците, се грижи Одделението за правни и општи работи.

На барање на член на Советот може да му се издаде заверен препис од записникот.

## 11. Стенографски белешки

### Член 74

За работа на седницата на Советот може да се водат стенографски белешки, односно тонски запис врз основа на кои се подготвуваат белешките.

Стенографските белешки им се ставаат на увид на членовите на Советот по нивно барање.

За остварувањето на ова право на членовите на Советот, се грижи претседателот на Советот.

Оригиналните стенографски белешки, односно тонски записи се чуваат како документарен материјал.

## VII. НАЧИН НА РАБОТА НА РАБОТНИТЕ ТЕЛА НА СОВЕТОТ

### Член 75

Работното тело на Советот работи на седници.

Седниците на работното тело ги свикува претседателот на работното тело.

Претседателот на работното тело е должен да свика седница ако тоа го побара претседателот на Советот или ако тоа го предложат најмалку два члена на телото, кои треба да достават потребен материјал за прашањето што предлагаат да се стави на дневен ред на седницата.

Ако претседателот на работното тело не свика седница кога е должен тоа да го стори, седницата ќе ја свика претседателот на Советот.

Во случај на отсутност на претседателот на работното тело со седницата ќе раководи најстариот присутен член на работното тело кој ќе го потпише записникот и извештајот од оваа седница.

### Член 76

Поканата за седница со предлогот на дневниот ред и материјалите што ќе се разгледуваат на седницата се доставуваат најмалку три дена пред одржувањето на седницата.

Дневниот ред на седницата на работното тело се утврдува на почетокот на седницата. Во дневниот ред може да се внесат и прашања што на самата седница ќе ги предложат членовите на работното тело.

На седницата присуствуваат предлагачите на одделни материјали, а може да се поканат органи на државната управа и други органи и организации кои можат да изнесат мислења по прашањата што се разгледуваат на седницата.

### Член 77

Работното тело може да одржува седница и да претресува прашања од својот делокруг ако на седницата присуствуваат мнозинство од членовите на работното тело.

Работното тело оформува предлози со мнозинство гласови од присутните членови.

### Член 78

Членот на работното тело има право и должност да присуствува на седница на работното тело и да учествува во работата и одлучувањето.

За присуството на членовите на работното тело се води евиденција.

**Член 79**

Претседателот на работното тело го известува претседателот на Советот за членот на тоа тело кој три пати едноподруго неоправдано отсуствувал од седниците на телото. Работното тело може да предложи Советот да го разреши тој член и на негово место да избере друг член.

**Член 80**

На седницата на работното тело никој не може да говори пред да побара и да добие збор од претседателот на работното тело.

Претседателот на работното тело на членовите им дава збор според редоследот на јавувањето.

Членот на работното тело кој добил збор може да говори само по прашањето што е на дневен ред.

Одредбите за процедурални предлози што се однесуваат за седниците на Советот, соодветно се применуваат и за седниците на работното тело.

**Член 81**

Надлежното работно тело на Советот му поднесува извештај одделно за секое прашање што го разгледувало.

Извештајот содржи предлози на работното тело со образложение.

Во извештајот се внесуваат и сите изнесени и издвоени мислења и предлози по прашањата што биле разлгедувани на седницата на работното тело.

Претседателот на работното тело го потпишува извештајот и е одговорен за неговата веродостојност.

**Член 82**

Работното тело определува известител.

Известителот на работното тело на седницата на Советот ги застапува предлозите на телото.

Ивестителот не може да го менува предлогот на работното тело и да се откаже од него.

**Член 83**

Работното тело може да му предложи на Советот да го одложи претресувањето на одделно прашање.

**Член 84**

Усвоените записници од седницата на работното тело ги потпишува претседателот на работното тело.

**Член 85**

Работните тела соработуваат меѓусебно.

Работните тела можат да одржуваат заеднички седници заради разгледување на прашањата од зеднички интерес или усогласување на предлозите.

Заедничките седници на две или повеќе работни тела ги свикуваат договорно претседателите на тие тела.

Работните тела на заедничките седници гласаат одделно.

**Член 86**

Советот ги има следните постојани работни тела:

Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;

Комисија за Статут и прописи;

Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој;

Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина;

Комисија за општествени дејности;
Комисија за спорт

**Член 87**

Составот, надлежностите и изборот на работните тела е утврден со Одлуката за нивното формирање, односно со Статутот.

## VIII. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ АКТИ

### 1. Предлог за донесување општи акти

**Член 88**

Постапката за донесување општи акти започнува со поднесување предлог за донесување општ акт.

**Член 89**

Предлог за донесување општ акт од надлежност на Советот утврден со Статутот на општината, со нацрт, односно предлог на акт поднесуваат градоначалникот на Општината,

работно тело на Советот, член на Советот, јавни служби, установи и претпријатија што ги основа Советот.

**Член 90**

Предлог за донесување општ акт содржи правен основ за донесување и причините поради кои се предлага донесувањето на актот.

**Член 91**

Предлогот за донесување општ акт со нацртот се поднесува во писмена форма до претседателот на Советот.

Предлогот за донесување општ акт претседателот на Советот го доставува до советното работо тело во рок од 3 дена од денот на неговото поднесување.

Предлогот за донесување општ акт се доставува и до градоначалникот на Општината.

**Член 92**

Работното тело го разгледува предлогот и зазема став за основаноста и потребата од донесување на актот и за тоа го информира Советот.

**Член 93**

Советот го разгледува предлогот за донесување општ акт со мислењето на работното тело ја утврдува основаноста и потребата за донесување на актот.

Ако Советот оцени дека нема основ и потреба за донесување на актот, за тоа го известува подносителот.

**Член 94**

Кога Советот ќе ја утврди основаноста и потребата за донесување на општ акт, определува изготвувач на актот, доколку со предлогот за донесување општ акт не е поднесен и предлог на актот.

Ако со предлогот за донесување на актот е доставен и предлог на актот, Советот води расправа за донесување на актот.

**Член 95**

Предлогот на општиот акт содржи правен основ на негово донесување, причините поради кои се донесува актот, образложение, потребните средства за негово спроведување и начинот на обезбедување на тие средства.

### 2. Донесување Статут на Општината

**Член 96**

Статутот на Општината се донесува во две фази и тоа како Нацрт и како Предлог Статут.

Нацртот на Статутот го утврдува Советот по предлог на Комисија за Статут и прописи.

Советот, Нацрт Статутот го става на јавна дискусија и го утврдува времето и начинот на спроведување на јавната дискусија.

Предлогот на Статутот на Општината го утврдува Комисија за Статут и прописи, имајќи ги предвид изнесените предлози, забелешки и мислења во текот на јавната дискусија.

**Член 97**

Статутот на Општината го донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

**Член 98**

Измени и дополнувања на Статутот може да предложат Комисијата за Статут и прописи, работните тела на Советот, повеќе од половината од вкупниот број на членови на Советот, градоначалникот на Општината.

Измени и дополнувања на Статут се вршат на начин и постапка предвидена за донесување на Статут.

Одлуката за пристапување кон измени и дополнување на Статутот на Општината ја донесува Советот со мнозинство гласови од вкупнот број членови на Советот.

### 3. Донесување Деловник на Советот

**Член 99**

Предлогот на Деловникот на Советот го утврдува Комисијата за Статут и прописи.

**Член 100**

Деловникот на Советот се донесува со мнозинство гласови од вкупнот број членови на Советот.

**Член 101**

Измени и дополнувања на Деловникот на Советот можат да предложат членовите на Советот и работните тела на Советот.

**4. Донесување програма за работа на Советот**

**Член 102**

Предлогот на програмата за работа на Советот го утврдува Комисијата врз основа на претходно прибавени предлози и мислења од овластени предлагачи и заинтересирани субјекти.

Комисијата од став 1 ја формира Советот и е составена од претседател и два члена.

Предлогот на програмата содржи назив на материјалот односно актот, кратка содржина, предлагач и рок.

**Член 103**

Програмата за работа на Советот се донесува на крајот на календарската година за наредната година.

**5. Донесување програми, одлуки и други општи акти.**

**Член 104**

Носителите на предлозите на програмите и одлуките од надлежност на Советот се должни во предвидените рокови тие предлози на акти да ги достават до Советот во соодветна форма за разгледување и донесување.

**Член 105**

При донесувањето на програмите и одлуките, предлагачите присуствуваат на седницата на Советот и по потреба даваат стручни појаснувања од областа за која се предлага донесување на програмата или одлуката.

**Член 106**

Деталните урбанистички планови на Општината ги донесува Советот во постапка утврдена со Закон.

**6. Одобрување програми и други акти**

**Член 107**

Советот одобрува програми за работа на јавните служби, установи и претпријатија што ги основа или кои вршат работи од надлежност на Општината.

**Член 108**

Ако Советот не одобри програма, тогаш формира работно тело кое заедно со преставници на подносителот на програмата ги усогласуваат ставовите.

**Член 109**

Советот одобрува и други акти во согласност со Закон.

**Член 110**

Советот за одобрување на програмата или друг акт донесува заклучок.

## 7. Итна постапка за донесување одлуки

**Член 111**

Советот може и по итна постапка на вонредна седница да донесе одлука кога е тоа неопходно заради отстранување на последиците од елементарни непогоди, и други несреќи и вонредни околности или кога е од интерес за остварување на функциите на Општината.

Пред да се донесе одлуката, Советот претходно одлучува дали е неопходно донесување одлука по итна постапка, а потоа води расправа по предлогот на одлуката.

## 8. Расправа по предлог на акт и предлозите за измени и дополнување

**Член 112**

По предлозите на актите се води расправа.

Во текот на расправата се одлучува и за измени и дополнувања на одделни одредби од предлогот на актот.

**Член 113**

Предлогот за измени и дополнување на одделни одредби од предлогот на актот можат да поднесат членовите на Советот и предлагачот на актот.

Предлогот за изменување или дополнување на одделна одредба од предлогот на актот се усвојува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот и станува составен дел на предлогот на актот.

Предлогот за изменување или дополнување на одделна одредба од предлогот на актот кој се донесува со мнозинство гласови од вкупнот број членови на Советот се усвојува со истото мнозинство и станува составен дел на предлогот на актот.

**Член 114**

Изјаснувањето по предлозите за изменување и дополнување на одделна одредба од предлогот на актот се врши по редоследот на нивното предлагање.

Кога за иста одредба од предлогот на актот се поднесени два или повеќе предлози за измени и дополнување, ако еден од предлозите добие потребно мнозинство, за останатите предлози членовите на Советот не се изјаснуваат.

**Член 115**

При изјаснувањето на членовите на Советот по поднесениот предлог за изменување или дополнување на одделна одредба од предлог актот, подносителот на предлогот има право да се изјасни во врска со поднесениот предлог.

**9. Автентично толкување на општи акти**

**Член 116**

Барање за автентично толкување на општ акт може да поднесат членовите на Советот, 10% од избирачите во Општината, јавно претпријатие кое извршува дејност на подрачјето на Општината и државните органи кога потребата од автентично толкување настанала во врска со примената на актите во нивното работење.

**Член 117**

Барањето за давање на автентично толкување на општиот акт се поднесува до претседателот на Советот кој веднаш барањето го доставува до Комисијата за статут и прописи.

**Член 118**

Комисијата за Статут и прописи по барањето за автентично толкување има право да побара мислење од работните тела на Советот и управните и административните органи на Општината.

**Член 119**

Ако Комисијата за Статут и прописи оцени дека барањето за давање на автентично толкување е оправдано ќе изготви предлог на автентично толкување и ќе го достави до Советот на усвојување, а доколку оцени дека барањето за давање на автентично толкување не е оправдано, Комисија за статут и прописи за тоа ќе поднесе Извештај до Советот кој одлучува по барањето и поднесениот извештај.

**10. Утврдување на пречистен текст на општи акти**

**Член 120**

Ако во општиот акт се вршат пообемни или повеќе пати измени и дополнувања, Советот може да одлучи да се изготви пречистен текст на актот.

Пречистениот текст на актот го изготвува Комисијата за Статут и прописи и го објавува во "Службен гласник на Град Скопје".

### 11. Претресување на извештаи, информации и други материјали

**Член 121**

Советот, разгледува извештаи, информации и други материјали кои се во негова надлежност.

Пред да ги разгледува Советот, материјалите од став 1 на овој член ги разгледува надлежното работно тело.

По извештаите, информациите и другите материјали, Советот донесува заклучок.

## IX. ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

**Член 122**

Односите меѓу Советот и градоначалникот на општината се засновуваат врз правата и должностите утврдени со Законот за локалната самоуправа и Статутот на Општината.

**Член 123**

Градоначалникот на општината како орган во Општината ја претставува Општината во комуникација со другите општини во земјата и странство, во односите и соработката со меѓународни организации и институции.

**Член 124**

Градоначалникот се грижи за извршување на одлуките на Советот, предлага одлуки и други општи акти од негова надлежност, како и донесува поединечни акти кога за тоа е изрично овластен.

**Член 125**

Градоначалникот е должен во рок од 7 дена на Советот да му укаже на неуставноста и незаконитоста на актот, односно на одлуката што Советот ја донел.

Ваквите акти градоначалникот може да ги задржи и да не ги прогласи и објави, се до нивното преиспитување од страна на Советот.

**Член 126**

Советот по укажувањето на градоначалникот должен е во рок од 15 дена уште еднаш да го разгледа актот и да го усогласи со законот.

**Член 127**

Ако Советот го потврди актот, односно одлуката, тогаш градоначалникот е должен да ги прогласи и објави и да ја извести Владата на Република Македонија за неуставноста на актот во рок од 15 дена од денот на неговото донесување.

**Член 128**

Кога градоначалникот е отсутен или спречен да ја врши својата функција, го заменува член на Советот, кој го назначува градоначалникот.

За време на заменувањето на градоначалникот, на членот на Советот му мирува функцијата член на Советот.

**Член 129**

Општинската администрација ја основа Советот со посебна Одлука.

Општинската администрација подготвува акти и врши стручни работи за Советот, како и други работи што ќе им ги довери Советот.

Општинската администрација учествува во подготовката на седниците на Советот и неговите работни тела, ги изготвува и се грижи за средување и чување на актите на Советот како и вршат други работи што ќе им ги довери Советот.

## X. СОРАБОТКА НА СОВЕТОТ СО ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

**Член 130**

Советот преку Општинската администрација, остварува соработка со другите органи на државната управа преку размена на информации и податоци кои се потребни за остварување на функцијата на Советот.

**Член 131**

Претседателот на Советот, или член на Советот што ќе го определи Советот, во име на Советот, може да присуствува и да учествува во работата на заедничките состаноци што ги организира градоначалникот со раководните лица на органите на државната управа и други институции заради проучување на одделни прашања, подготвување на прописи, давање мислење и предлози и други заеднички работи.

**Член 132**

Советот, доколку оцени за потребно, може со свој преставник да учествува во работата на заедничките стручни комисии или работни тела што ги образува градоначалникот заедно со органите на државната управа, заради усогласување на прашања од заеднички интерес.

**Член 133**

Советот може да партиципира во стручните комисии или работни тела што заеднички се образуваат со органите на државната управа.

## XI. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ

**Член 134**

Советот работи според програмата за работа на Советот.
Програмата за работа се утврдува за една календарска година.

**Член 135**

Основа за изработка на Програмата за работа на Советот се: работи кои со закон и Статутот на Општината се ставени во надлежност на Советот, задачите кои произлегуваат од тие акти, заклучоци на Советот и роковите за одржување на седници на Советот утврдени со законот.

**Член 136**

Носителите на предлозите на актите и другите материјали, организирањето, подготовката и извршувањето на одделни задачи и работи предвидени со програмата за работа на Советот се должни во предвидените рокови тие акти и материјали да ги достават до Советот на разгледување и усвојување.

Ако од одредени причини тоа не е можно, предлагачот односно носителот на работите за тоа треба навреме да го извести Советот и да ги наведе причините заради кои не можел да ги изврши програмираните задачи во предвидениот рок.

## XII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОВЕТОТ

**Член 137**

Советот обезбедува информирање на јавноста за работата на Советот и за своите ставови и одлуки во врска со прашањата за кои расправа.

**Член 138**

Седниците на Советот се јавни.

Одлуката за исклучување на присуство на јавноста се донесува со мнозинство на гласови од вкупноит број на членовите на Советот кога тоа го бараат интересите на безбедноста, одбраната или кога се разгледува прашање од доверлив карактер.

На расправата по Статутот, Деловникот, Буџетот на Општината и Звршната сметка на Буџетот присуството на јавноста не може да се исклучи.

**Член 139**

Заинтересираните граѓани можат да присуствуваат на седниците на Советот.

**Член 140**

Претставниците на средствата за јавно информирање присуствуваат, на седниците на Советот и седниците на работните тела заради известување на јавноста за нивната работа.

**Член 141**

Конференција за печат во врска со работата на Советот се одржува кога за тоа ќе одлучи Советот и претстадателот на Советот, а за тоа се определува преставник кој ќе ја одржи конференцијата за печат.

**Член 142**

Заради известување на јавноста за работата на органите на Општината, во "Службен гласник на Град Скопје" се објавуваат сите одлуки и други акти што ги донесуваат Советот и другите органи на Општината, на македонски јазик и неговото кирилско писмо како и на јазикот и писмото на албанската националност.

## XIII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

**Член 143**

Овој Деловник влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

| | |
|---|---|
| Број: 07-364 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| од 19.07.2005година | на Советот на Општината Бутел |
| С к о п ј е | Агим Јусуфи |